**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 30 став 1, алинеја 2 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13 ,97/15, 129/15, 53/16 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 март 2020 година донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈАТА НА МАЛО

Член 1

Во Одлуката за определување на највисоките цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 70/20), во членот 1 по зборовите „лична хигиена“ сврзникот „ и“ се заменува со запирка и се додаваат зборовите „потрошен медицински материјал, медицинска опрема и апарати и“.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок од ставот 2 на овој член, за производите чија увозна цена е повисока од највисоката цена што се применувала на 11 март 2020 година, треба да се користи трговската маржа која ја применувале на 11 март 2020 година“.

Член 2

Во членот 2 зборовите „ќе се применуваат до 30 април 2020 година“ се заменуваат со зборовите: „ќе важи до завршувањето на траењето на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.

Бр. 44-2441/1
23 март 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.